# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 20.08. 2018 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 110 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање во сопственост недвижна ствар на ИО Гоце Делчев - Свети Николе бр. 0801- 211 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

**Бр.0901-217**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.08. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање во сопственост недвижна ствар на ИО Гоце Делчев - Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Свети Николе на Извиднички одред Гоце Делчев –Свети Николе дава во сопственост без надомест недвижна ствар - објект со површина од 166 м2, КП бр.745, запишан во И.Л. бр.351 за КО Орел сопственост на Општина Свети Николе.

**Член 2**

Недвижната ствар од Член 1 на оваа одлука се дава во сопственост на Извидничкиот одред Гоце Делчев-Свети Николе без право да може истиот да се оттуѓува, а во случај да престане да постои Извидничкиот одред објектот се враќа во сопственост на Општина Свети Николе.

**Член 3**

Намената за користење на објектот ќе биде вршење на активности во согласност со дејноста на Извидничкиот одред како и за аплицирање пред меѓународни организации и фондации за добивање на инвестициски грантови за реновирање и уредување на објектот.

**Член 4**

Ова одлука е правен основ за запишување на правото на сопственост во Јавната книга на правата на недвижности.

**Член 5**

За регулирање на меѓусебните права и обврски што ќе произлезат од оваа правна ситуација Општина Свети Николе и ИО Гоце Делчев – Свети Николе ќе склучат посебен договор.

**Член 6**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801- 211** **Совет на Општина Свети Николе**

**20.08. 2018 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов s.r.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки со помалку од 24 ученици и формирање на комбинирани паралки за учебна 2018/2019 година во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе бр. 0801- 212 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

**Бр.0901-217/2** **Општина Свети Николе**
**20.08. 2018 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, како и член 41 став 5 и став 7 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ„ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.08. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за формирање на чисти паралелки со помалку од 24 ученици и формирање на комбинирани паралки за учебна 2018/2019 година во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за формирање на паралелки со помал број на ученици од пропишаниот број со Закон и тоа:

- 35 (триесетипет) чисти паралелки
- 2 (две) комбинирани паралелки

**Член 2**

Се задолжува ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе воспитно – образовниот процес во паралелките да го организира во согласност со пропишаните педагошки стандарди и нормативи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**бр. 0801- 212**
**20.08.2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алеков с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралеки со помал број на ученици за учебна 2018/2019 година во ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе бр. 0801- 213 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

**Бр.0901-217/3**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, како и член 41 став 5 и став 7 од Законот за основно образование (Службен весник на РМ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.08. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за формирање на паралеки со помал број на ученици за учебна 2018/2019 година во ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе за формирање на паралелки со помал број на ученици од пропишаниот број со Закон и тоа:

- 32 (триесетидве) чисти паралелки
- 2 (две) комбинирани паралелки

**Член 2**

Се задолжува ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе воспитно – образовниот процес во паралелките да го организира во согласност со пропишаните педагошки стандарди и нормативи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**бр. 0801- 213**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност за помал број на ученици во една паралелка за учебната 2018/2019 во ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија, Свети Николе бр. 0801- 214 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

**Бр.0901-217/4**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, како и член 41 став 5 и став 7 од Законот за основно образование (Службен весник на РМ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.08. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за помал број на ученици во една паралелка за учебната 2018/2019 во ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија, Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија, Свети Николе за формирање на паралелки со помал број на ученици од пропишаниот број со Закон и тоа:

- 12 (дванаесет) чисти паралелки
- 6 (шест) комбинирани паралелки

**Член 2**

Се задолжува ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија, Свети Николе воспитно – образовниот процес во паралелките да го организира во согласност со пропишаните педагошки стандарди и нормативи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**бр. 0801- 214**
**20.08. 2018година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност за паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2018/2019 година бр. 0801- 215 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

**Бр.0901-217/5**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, како и член 28 став 3 од Законот за средно образование Законот за средно образование (Службен весник на Република Македонија бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.08. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за формирање на паралелки со помал број на ученици од пропишаниот број со Закон и тоа:

- 29 (дваесетидевет) чисти паралелки

**Член 2**

Се задолжува СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе воспитно – образовниот процес во паралелките да го организира во согласност со пропишаните педагошки стандарди и нормативи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

| | |
|---|---|
| **бр. 0801- 215** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **20.08. 2018 година** | **Претседател,** |
| **Свети Николе** | **Кире Алексов с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цена за изнесување на смет од селата бр. 0801- 216 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

| | |
|---|---|
| **Бр.0901-217/6** | **Општина Свети Николе** |
| **20.08. 2018 година** | **Градоначалник,** |
| **Свети Николе** | **М-р. Сашо Велковски с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), како и член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.08. 2018 година донесе:

**Одлука**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на цена за изнесување на смет од селата**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлука за утврдување на цена за изнесување на смет од селата на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе донесена од Управниот одбор на ЈКП „Комуналец„ – Свети Николе бр. 0202-341/2 од 13.08.2018 година.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0801 - 216** | **Совет на Општина Свети Николе** |

**20.08.2018 год.**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Барање до ЈП Државни патишта за реконструкција патен правец Горобинци – Малино – Сушица бр. 0801- 218 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 20. 08. 2018 година.

**Бр.0901-217/7**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа „(Службен весник на РМ„ бр.05/02), како и член 152 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр.2/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден20.08.2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Свети Николе оцени дека делницата на регионалниот пат с.Горобинци – с.Малино – с.Сушица е значително оштетена од тешките товарни возила што работат на изградбата на Автопатот Штип-Миладиновци и како резултат на ваквата состојба отежнато е движењето на граѓаните со лесни патнички моторни возила.

2. Се задолжуваат стручните служби на Општинската администрација на Општина Свети Николе да поднесат барање до Јавното претпријатие за државни патишта за итна реконструкција на овој патен правец бидејќи ова претпријатие има законска обврска за одржување на овој пат.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**бр. 0801- 218**

**20.08.2018 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Кире Алеков с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за давање во сопственост недвижна ствар на Извиднички Одред

„Гоце Делчев„ - Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

2.Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од 24 ученици
и формирање на комбинирани паралелки за учебна 2018/2019 година во
ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2

3.Одлука за давање согласност за формирање на паралеки со помал број
ж на ученици за учебната 2018/2019 година во ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе. . . . . . . . . . . .стр.3

4.Одлука за давање согласност за помал број на ученици во една
паралелка во ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.4

5.Одлука за давање согласност за паралеки со помал број на
ученици во СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.5

6.Прдлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување
на цена за изнесување смет од селата. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6

7.Заклучок за усвојување на Барање до ЈП Државни патишта за реконструкција патен правец Горобинци – Малино – Сушица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.7

**Бр. 0801- 219**
**20.08. 2018 година**
**Свети Николе**